ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# ПРИРАЧНИК

## Општа дисеминација на МХП

# ПРИРАЧНИК
# Општа дисеминација на МХП

*,,Со човек што си вели себе си ,што да правам,*
*со таквиот човек -, јас незнам што да правам,,*
***Конфучие.***

## 1. Општ дел

Дали знаете каде сте? Влегувате во програмата за дисеминација на Црвен крст на Република Македонија. Да, програмата е дел од Женевската агенда на Меѓународниот комитет на Црвен крст, со постојана и несебична подршка. Поради меѓународната и нормативно потврдена улога на МКЦК и Движењето, за заштита, промовирање и имплементирање на правото кое важи во вооружени судири, посебен акцент се става на женевското и хашко право, односно Меѓународното хуманитарно право. Повеќе од деценија и половина, поврзано со признавањето на нашето национално друштво во 1995 година, се гради и надоградува структурата на програмата. Постанете и вие креативен дел од таа структура, на патот на хуманоста.

## За целта

Одејќи по линијата на постојан развој на програмата за дисеминација во Црвен крст на Република Македонија, одделно промовирањето на Меѓународното хуманитарно право, стоејќи на стратешки позиции за квалитетно подигнување на сопствените ресурси, спроведувајќи ги долгорочните поставки на МКЦК, се создадоа услови за реализација на потребата за изготвување на Прирачник за општа дисеминација на МХП, како дел од пакетот прирачници за општа и посебни целни групи.



## Наместо вовед

Приклучувањето кон обврската, за примена, промовирање и дисеминирање на Меѓународното хуманитарно право, или правото кое важи за време на воени меѓународни и немеѓународни судири, на скоро сите држави во светот, го потврдува високо одговорниот однос на државите и давањето приоритетна важност на ова област од Меѓународното право. Црвениот крст на Република Македонија во Законот за Црвен крст на Република Македонија, својата активна Програма и стратешки развој, Програмата за дисеминација и планскиот стратешки приод ги има одредено како свој врвен стратешки приоритет, со што го дава акциониот и операбилен придонес кон соодветната програмска ориентација на МКЦК и неопходните потреби за промоција и имплементација на Меѓународното хуманитарно право во Република Македонија. Со цел за успешно пренесување на информациите и знаењата од ова област, се изготвува прирачник за општи дисеминациски потреби за МХП. Структуралниот и моделарен приод го следат методолошки принципи и пристапи, и искуството и развојниот континиум.

### **1.1 Дефинирање и преддефинирање** (што е меѓународно хуманитарно право)

Иако, во литературата и практикумите го имаме во опфат, сепак еве корисна содржина што не не ослободува од поширoко согледување.

Кога се прашуваме за потеклото, се поставува разликата со военото право. Постои еквивалентност во ограничувањата на примената на сила и средства, но основата на МХП се состои во градењето на скалата на хуманитарни принципи и дистинкцијата кон човекот учесник во судир и оној кој не учествува, односно престанал или е оневозможен. Во својата хуманитарна основа МХП опфаќа две основни поимања и области: а) заштита на жртвите од вооружените судири (женевско право - Првата женевска конвенција од 1864, Женевските конвенции (4) од 1949 година, Дополнителни про-

токоли (1 и 2), од 1977); б)ограничување (хашко право, конвенции од 1899, 1907, и други, а особено Конвенцијата од 1868 година од Сан Петерсбург за забрана на експлозивни проектили со тежина под 400 грама. Во овој дел на преддефинирање битен дел и инструмент на МХП е и пакет/кодекс на закони и обичаи на војна со хуманитарни принципи Liber Code (1863). Овие инструменти се и основни извори на МХП.

***Меѓународното хуманитарно право (IHL) е дел од јавното меѓународно право - што се применува во вооружен конфликт, составено од одредби кои обезбедуваат почит кон човековото суштество, доколку е компатибилен со воените барања и јавниот ред, и намалување на страдањата предизвикани од конфликтот.*** Или, МХП претставува збир на правила, со кои од хуманитарни причини ги лимитираат последиците од вооружените конфликти. Се состои од меѓународните прописи од пишаното и обичајното право, со што се обезбедува почитување на поединецот во вооружен судир, поаѓа од барањата на хуманитарните принципи за човекољубие, завојуваните страни не смеат на противникот да му нанесуваат штета несразмерна со целта на војувањето.

Посветете внимание на основните принципи на МХП: страните на конфликт мора во секое време да прават разлика меѓу цивилното население и борците; страните во конфликтот и членовите на нивните вооружени сили немаат неограничено право да избираат средства и методи на војување, со забрана да се предизвикува непотребно страдање на борците; луѓето кои не учествуваат, или повеќе не учествуваат во борбените дејства имаат право на почит на нивниот живот и физички и ментален интегритет; заробените борци и цивили кои ќе се најдат под власт на противничката страна имаат право на почит на нивниот живот, достоинство, лични права, политичко, верско и друго убедување; ранетите и болните мора да се заштитат и соберат и страната на судирот мора да води грижа за нив, а медицинскиот персонал и транспорт и опрема, персоналот на Црвен крст и Црвена полумесечина мора да се почитува и заштити, ***и основните правила на МХП:*** на лицата онеспособени за борба - Hors de combat, и оние кои директно не учествуваат во непријателствата треба да им се почитува животот и нивниот интегритет, со нив да се постапува хумано без да се прават разлики; забрана да се убива или повредува непријателот кој се предал или е неспособен за борба; заштита на ранетите, болните, медицинскиот персонал, транспорт и објекти, персоналот на Црвен крст и Црвена полумесечина; на заробените борци и цивили што се во власт на противничката страна да им се почитува животот, достинството, личните права и уверувања; почитување на правото на судски гаранции, без одговорност за дело што не е сторено и не изложување на телесни или душевни маки, телесни казни или сурови и понижувачки постапки.



## Поставете, и подгответе одговор на некои основни прашања за МХП

### *Што е меѓународно хуманитарно право?*

Меѓународното хуманитарно право претставува збир на правила, кои од хуманитарни причини, имаат за цел да ги лимитираат ефектите од вооружените конфликти. МХП ги заштитува лицата кои не учествувале или повеќе не учествуваат во непријателствата и ги ограничува средствата и методите на војување.МХП е дел од Меѓународното право, кое всушност ги регулира односите меѓу државите. Меѓународното право се имплементира преку договорите помеѓу државите - спогодбите или конвенциите-, преку обичајните правила, кои се базираат на успешните практики на државите овие правила да ги воведат како правно-обврзувачки, но и преку базичните принципи. МХП се применува при вооружените конфликти. Но, МХП не ја регулира ситуацијата, кога некоја држава може да употреби сила; ова е регулирано со значаен, но јасно дистинктиран дел од меѓународното право, кој е содржан во Повелбата на Обединетите Нации.

### *Потекло и краток историјат на МХП?*

МХП влече корени уште од правилата на древните цивилизации и религии - војната отсекогаш претставувала предмет на одредени принципи и обичаи. Универзалната кодификација на МХП започнала во 19-от век. Оттогаш, државите се согласиле на серија практични правила, базирани на горчливото искуство од последиците на модерното војување. Овие правила внесуваат внимателен баланс помеѓу хуманитарниот интерес и воените потреби на државите. Како растеше меѓународната заедница, се зголемуваше бројот на државите кои придонесуваа за развој на овие правила. МХП денеска формира универзален корпус од правни правила кои се меѓународно кодифицирани и широко прифатени.

### *Каде МХП може да се најде?*

Голем дел од МХП е содржано во четирите Женевски конвенции од 1949 год. Скоро секоја држава во светот ги има ратификувано и со тоа се има обврзано истите да ги почитува. Конвенциите, понатаму се доразвија и се дополнија со два дополнителни договори-протоколи - Дополнителните Протоколи 1 и 2 од 1977 год. за заштита на жртвите во вооружените конфликти.

Други договори кои ја забрануваат употребата на одредени оружја и воени тактики и кои заштитуваат одредени категории на лица и добра:

- Конвенцијата за заштита на културната сопственост во случај на вооружен конфликт, од 1954 го дина, плус двата дополнителни протоколи на истата;
- Конвенцијата за билошко оружје, од 1972 година;
- Конвенцијата за конвенционални оружја, од 1980 година и нејзините пет протоколи;
- Конвенцијата за хемиско оружје, од 1993 година;
- Конвенцијата од Отава за против-нагазни мини, од 1997 година;
- Факултативниот протокол на конвенцијата за заштита на правата на децата инволвирани во вооружен конфликт, од 2000 година.

Многу норми од МХП денеска се прифатени како обичајно право, т.е. се прифаќаат како базични правила кон кои државите се придржуваат.

### *Кога МХП се применува?*



МХП се применува единствено при вооружени конфликти,- не опфаќа внатрешни тензии или немири, како на пример, изолирани акти на насилство. Правото се применува само откако конфликтот отпочнал, и тоа подеднакво кон сите страни, без оглед на тоа кој прв ја почнал борбата.

МХП врши јасна дистинкција помеѓу меѓународен и не-меѓународен вооружен конфликт. Меѓународен вооружен конфликт претставува оној вооружен конфликт во кој најмалку две држави се инволвирани. Тие се предмет на широк опсег на правна регулација, вклучувајќи ги и правилата опфатени во четирите Женевски конвенции и Дополнителниот Протокол 1.

Не-меѓународен вооружен конфликт претставува оној вооружен конфликт кој е ограничен на територијата на една држава, во кој се инволвирани или регуларни вооружени сили кои се борат против групи на вооружени дисиденти, или вооружени групи кои се борат меѓу себе. Многу полимитиран опсег од правила се применуваат при внатрешни вооружени конфликти и истите ја имаат својата основа во членот 3 кој што е заеднички за сите четири Женевски конвенции, како и Дополнителниот Протокол 2.

Многу е битно да се врши диференцијација помеѓу Меѓународното хуманитарно право и Законот, или нормите за човекови права. Иако одреден дел од правните правила и норми им се слични, овие две законски и правни гранки се развивале поединечно и се содржат во различни договори и спогодби. Поконкретно, Законот за човекови права- за разлика од МХП- се применува во мирновремени услови, а многу од неговите норми можат да бидат суспендирани за време на вооружен конфликт.

### *Што опфаќа МХП?*

Меѓународното хуманитарно право опфаќа две области:
- Заштита на лицата кои не учествувале или повеќе не учествуваат во борбите;
- Ограничување на средствата за војување- посебни оружја- и методи на војување, како воени тактики.

### *Што е „заштита"?*

МХП ги заштитува оние кои не учествуваат во борбите, како цивили или медицинскиот и религиозниот воен персонал. Исто така, ги заштитува и оние кои прекинале со борбените дејства, како ранетите бродоломците и болните, како и воените заробеници.

Кон овие категории на лица мора да се води сметка за нивниот живот, како и за нивниот физички и ментален интегритет. Тие исто така уживаат и правна сигурност. Мора да бидат заштитени и кон нив да се постапува хумано во сите услови, без никакви непријателски чувства и изливи.

Поконкретно: забрането е да се убива или ранува непријател којшто се предал или не е во состојба да се бори; болните и ранетите мора да се прифатат и за нив да води грижа страната во конфликтот на чија територија истите се нашле.

Медицинскиот персонал, набавките, болниците и амбулантите исто така мора да се заштитени.

Постојат, исто така, детални правила кои се однесуваат на условите за притворање на воените заробеници и начините со кои ќе се постапува со цивилите кои ќе се најдат под властта на противничката сила. Ова ги вклучува и правата за добивање храна, засолништа и медицинска нега, како и правото за размена на пораки со нивните фамилии.

Правото укажува на бројни јасно препознатливи симболи кои можат да се искористат за да се идентификуваат заштитените лица, места и објекти. Главните амблеми се црвен крст, црвена полумесечина, црвен кристал и симболите коишто ја идентификуваат културната сопственост и објектите на цивилната заштита.

### *Кои се ограничувањата за оружје и тактики?*

Меѓународното хуманитарно право ги забранува сите средства и методи на војување кои:

- Не успеваат да направат разлика помеѓу оние коишто директно учествуваат во борбите и оние, како цивилите на пример, кои не учествуваат во борбите, како и оние кои немаат за цел да ги заштитат цивилната популација, индивидуалните цивили и цивилната сопственост;
- Предизвикуваат екстремни повреди или непотремно страдање;
- Предизвикуваат квалитативни и квантитативни или на подолг рок повреди и оштетувања на животната средина.



Хуманитарното право токму во таа насока ја замрзна употребата на многу оружја, вклучувајќи ги т.н. бум-бум куршуми, хемиското и биолошкото оружје, светлосните ласерски оружја, како и нагазните мини.

### *Дали МХП навистина се применува во пракса?*

За жал, постојат безброј примери во кои се прекршува МХП. Во пораст, како жртви на војната се јавуваат цивилите. Како и да е, постојат важни случаи каде МХП направило јасна дистинкција во заштитата на цивилите, заробениците, болните и ранетите, како и во ограничувањето на употребата на варварски оружја. Имајќи го ова во предвид, имплементацијата на овој корпус на правни акти кои се применуваат во случаи на екстремно насилство, секогаш ќе претставува голема тешкотија. Тоа само покажува и докажува дека напорите за ефективна исполнителност остануваат ургентни како и секогаш.

### *Што треба да се направи да се имплементира законот,нормите, правилата?*

Мора да се преземат мерки за да се обезбеди респектот кон Меѓународното хуманитарно право. Државите имаат обврска да подучуваат и да ги едуцираат на правилата на МХП, своите вооружени сили, но и целата јавност. Тие мора да ги превенираат прекршувањата или да ги санкционираат

доколку истите се случат. Поконкретно, тие мора да донесат закони за казнување на најсериозните прекршувања на Женевските конвенции и Дополнителните Протоколи, кои се означени како воени злосторства. Државите исто така мора да донесат закони за заштита на амблемите на црвениот крст и црвената полумесечина. (Преземени се мерки и на меѓународно ниво: создадени се трибунали за санкционирање на делата кои се извршени во последните два конфликти - за Поранешна Југославија и Руанда, а во 1998 година врз основа на Римскиот Статут беше формиран меѓународниот кривичен суд во Рим, за судење за сторени воени злосторства.) Без разлика дали станува збор за индивидуалци, влади, невладини организации, здруженија или најразлични други организации, сите ние може да дадеме значаен придонес во имплементирањето и ширењето на знаењата и позитивните ефекти на МХП.

## *Краток историјат на МХП*

„.Ова не води до сознанието дека хуманитарните принципи се заеднички за сите човечки заедници каде и да се наоѓаат. Кога различни обичаи, ентитети и филозофии ќе се соберат за споредба, истите ќе се претопат во едно, нивните специфичности ќе се елиминираат, ќе остане чиста супстанца која всушност претставува наследство на целото човештво".

*Јеан Пицтет, Меѓународна димензија на хуманитарното право Потпишувањето на Женевската конвенција од 22 август 1864 год.*

Дури во деветнаесетиот век се направени позначајни напори за да се направи војната - што е можно похумана. Судбоносен и одлучувачки момент беше создавањето на МКЦК во февруари 1863 година и потпишувањето, во август 1864 година, на Женевската конвенција за подобрување на судбината на ранетите на бојното поле, што всушност го сигнализираше раѓањето на меѓународното хуманитарно право.

## *Договорите и обичајното меѓународно хуманитарно право*

Договорното право и обичајното меѓународно хуманитарно право се главните извори на хуманитарното право. За разлика од договорното право(на пример: четирите Женевски конвенции), обичајното хуманитарно право не е пишано. Едно правило претставува обичај доколку рефлектира одредена државна практика а истовремено постои и барање од меѓународната заедница, државата да потврди дека токму таа практика заменува соодветна законска материја. Додека договорите ги засегаат само оние држави кои ги ратификувале истите, обичајните правни норми важат за сите држави. Четирите Женевски конвенции од 1949 год. и нивните Дополнителни Протоколи претставуваат основните инструменти на хуманитарното право.

## *Заштитени лица и сопственост и МХП*

Во МХП, заштитени лица се оние врз кои поединечните договори се применуваат, односно кои се заштитени со правните норми дадени во тие договори и кои уживаат одредени права кога се наоѓаат под власт на противникот. Да биде појасно, заштитени лица се оние кои во услови на војна имаат одредени бенефити врз основа на потпишаните договори, но и на обичјаното хуманитарно право. Конкретно, заштитени лица се ранетите, болните, бродоломците, воените заробеници и други лица кои се лишени од слобода, како резултат на конфликтот, цивили и други лица кои веќе не учествуваат во конфликтот, медицинскиот и религиозниот персонал, персоналот на организациите за помош, персоналот на организациите на цивилната одбрана и медијаторите.

Во случај на вооружен конфликт постојат и т.н. заштитени објекти. Тука спаѓаат културната сопственост и други цивилни објекти како и воените медицински установи и амбуланти.

## *Цивили под власт на противникот и МХП*

Цивилите подлежат на заштита, како резултат на меѓународен вооружен конфликт или при окупација.

Повеќе информации во Четвртата Женевска конвенција поврзана со Заштитата на Цивилите во услови на војна од 12 август 1949 година, особено член 4.

### *Воените заробеници и хуманитарното право*

Воен заробеник претставува борец, најчесто припадник на вооружените сили на една страна во меѓународен вооружен конфликт или е индивидуалец кој ужива еквивалентен правен статус, но кој паднал под власт на спротивната страна во конфликтот.

Во индивидуалци кои уживаат еднаков правен статус спаѓаат воените кореспонденти, набавувачите на залихи, трговскиот екипаж на воените и цивилни воздухоплови, како и цивили кои спонтаноземале оружје во рака да ја спречат инвазијата на непријателот( член 4, Трета Женевска конвенција од 1949 година). Во случај на сомнеж, секое лице кое ќе земе учество во непријателствата ќе се здобие со статус на воен заробеник( член 45.1, Дополнителен Протокол 1 од 1977). Третата Женевска конвенција од 1949 година се однесува на воените заробеници.

### *Ранети, болни и бродоломци и МХП*

Во 1859 година, Анри Динан бил сведок на ужасната реалност на ранети војници кои биле оставени без било каква помош бојното поле близу Солферино. Неговата иницијатива да се обезбеди заштита на ранетите и болните на бојното поле, вродила со плод со потпишувањето на Женевската конвенција од 1864 година. Со текот на времето оваа заштита била постојано надградувана. Истата добила детален правен режим и столб со донесувањето на Женевските конвенции од 1949 година и Дополнителните Протоколи од 1977 година. Првата Женевска конвенција се однесува на ранетите и болните, втората ја проширува заштитата на бродоломците. Овие договори специфично утврдуваат дека ранетите, болните и бродоломците мораат да бидат заштитени и респектирани се додека отсуствуваат од борбени дејства.



### *Медицинскиот и религиозниот персонал, медицинските тимови, транспортерите и материјалите*

Четирите Женевски конвенции од 1949 година и Дополнителните Протоколи од 1977 година се однесуваат не само на заштита на ранетите, болните и бродоломците, туку и за лицата кои се грижат за нивните психички и духовни потреби - медицинскиот персонал, административниот помошен персонал и религиозниот персонал( ЖК1 член 24, 25; ЖК2 член 36, 37; ДП1 член 8(ц) и (д), кои не смеат да бидат нападнати и на кои мора да им се дозволи да ги исполнат нивните медицински и религиозни должности( ЖК1 член 24-27; ЖК2 член 36, 37; ДП1 член 15-20; ДП2 член 9, 10).

МХП исто така има воспоставено сеопфатна и детално разработена заштита за медицинските тимови, транспортерите и медицинските материјали( ЖК1 член 19-23, 33-37; ЖК2 член 22-27, 34, 38-40; ЖК4 член 18, 21-22; ДП1 член 8(е)-(j), 12-14, 21, 22;ДП2член 11).

### *Заштитата на хуманитарните работници и МХП*

Хуманитарните работници во такви состојби работат на места каде безбедноста и заштитата е загрозена. За членовите на хуманитарните организации, се применуваат основните принципи и други специфични правила на МХП.

### *Заштита на културната сопственост во случај на вооружен конфликт*

Во согласност со МХП, културната сопственост е заштитена од било каков акт на насилство( уништување, кражби, реквизиција, акти на репресалија или одмазда...). Во прилог на ова, употребата на културната сопственост за поддршка на воени дејствија исто така е забранета( член 53 од Дополнителниот Протокол 1 и член 16 од Дополнителниот Протокол 2). Амблемот за вршење јасна дистинкција содржан во член 6 од Хашката конвенција од 14 мај 1954 за Заштита на Културната Сопственост во случај на вооружен конфликт , може да се постави на објектот од културна сопственост.

### *Цивилната одбрана и МХП*

Цивилната одбрана е задолжена за олеснувачки и спасувачки операции кои ги изведува цивилното население во случај на природна или технолошка катастрофа или вооружен конфликт.

Нејзината цел е да ги минимизира загубите на човечки животи или оштетувањата на цивилната сопственост. Во прилог на тоа, има за цел да му помогне на цивилното население да заздраве од ненадејните ефекти на катастрофата или насилството и истовремено да овозможи услови за нивно преживување. Види ги членовите 61, 62, 63, 64, 65, 66 и 67 од Дополнителниот Протокол 1 на Женевските конвенции.

### *Посебно Заштитени категории на лица, според МХП*

Основна поделба според ЖК и ДП: ранети, болни (копно, море) според припадност, заробеници, притворени, затвореници според припадност; цивилни лица, медицински персонал, припадници на црвениот крст и црвена полумесечина, бегалци, раселени лица:

1. Раннлива категорија, специјални мерки и посебни одредби заштита на **жени и малолетници (деца)**;
2. **Жени**, ЖК1, чл. 12; 2, чл. 12; 3, чл. 14 и 16; 4, чл.27 - разлики засновани на пол;, ДП1 ,чл. 17; 2, чл.4,- *жените ќе бидат третирани со целото потребно внимание достојно на нивниот пол* (хумано постапување, жени борци - затвореници, притворени заробеници; заштита на цивили (сексуални напади и насилство, посебни потреби за бремени жени и жени мајки). МХП предвидува посебна забрана - силување и принудна проституција и бло каква форма на насилство.
3. **Малолетници:** Конвенција за заштита на децата, 20. ноември 1989, чл. 38 - почитување на правилата на хуманитарното право,- лица што не наполниле 15 години да не земаат учествово...\ *Вооружен конфликт - последици* (разделување на семејствата, останување на сирачиња, регрутирање на деца-војници, смрт или ранување на деца - цивили); чл. 3 од ЖК, чл. 24 од четвртата ЖК,; чл.77 и 78 од ДП 1, чл. 4 точка3.
4. **Бегалци и внатрешно раселени лица:** Конвенција за статусот на бегалците, 1951; Протокол на ОН за.... на бегалците, 1967,-бегалец....,;*Истата Конвенција и Протокол и за статусот на внатрешно раселени лица; МХП - бегалци и внатрешно раселените лица: 4-та ЖК, чл 26, 44 чл 33, 73, 85 одДП 1*; а за немеѓународен судир: чл. 3 од ЖК и чл. 13,16, 17 од ДП 2 (забрана за присила на цивилно население за раселување...).;МКЦК-ЖК, ДП, Статут на Движењето (пораки (семејства), откривање исчезнати лица и повторно спојување, програми за згрижени и зашт на малолетници.

## 1.2 Подготовки

(во подготовките немој само да ги собираш и примаш информациите, отвори ја и прочитај ја „*Сеќавањата на Солферино„* отвори и добро читај потребни делови од *Женевските конвенции* - 4 (1949) и *Дополнителните протоколи* 1, 2,(1977) па и 3 (2006), читај статути, правила, специјални наслови поврзани со Движењето и МХП, пример - Договорот од Севиља (1997), читај литература, закони, правила поврзана со темата, целите и целната група, погледни во белешките од обуките и дообуките, ѕирни во тие незаборавни сетови полни со практикум знаења и идеи, и со среќа во успешна мисија исполнета со хуманитарни содржини и состојки. Особено е битно да се одговори на: **утврдување на потребата од дисеминациска сесија-зошто?; конкретизирање на целната група-за кого?; тема на дисеминациската сесија-што?; адаптирање на темата-како?.)**

**Добредојдовте:** Се наоѓаме во програмата, каде што владеат одредени неминовни правила, пристапи, критериуми, стандарди, со примена на соодветни методи и техники - градени подолг период како производ на наши и меѓународни искуства. Истовремено, применети се современи елек-

тронски и информатички искуства. Ова би значело:

- сериозни и сеопфатни подготовки (едуцираност и компетентност, познавање и користење на опусот теоретска и практична литература од областа на МХП, мисловна фаза со применлива идеја, соодветна проценка за целите, целната група, темата, пристапот, планирање, процедури, проблеми, очекувани резултати и ефекти, време, простор, транспорт, технички потреби, координираност, тимски пристап);

- изготвување на план (вид на сесија: предавање, презентација, час, работилница, семинар, програмска структура на сесија со пристап, методи и техники, еваолација, резултати и ефекти).

- Кога правиш потребна анализа за добра проценка со посебен акцент на индикатори, и почни од себе, од дома, од најблиската средина, од твојата околина,-одреди индикативни точки, ќе ги добиеш многу, направи ред, одреди приоритет, смести ги во програмската и позициона можност на нашата програма, немој да излегуваш надвор од програмата,-се изложуваш на безпотребен и голем ризик, ако добро и студиозно размислиш, нашата програма е огромно поле на можности „дотоци,, и секогаш ќе го најдеш тоа што го бараш, но биди тука негде и направи спојка со средишното, денешното, актуелното, современото,-не заборавај ова е време на мир, а се едуцираме и правиме подготовки како хуманитарното право да се примени и практицира во време на немир -некаков нормативно дефиниран настан со меѓународни и домицилни правила и прописи.

- Ја одреди целната група, размислуваш за целите-3,4,5, но проучи ја целосно целната група, составот, старост, пол, етникумот, верска припадност, образование, број,- направи врска со вид на сесија и структура на час на сесија, види ја можноста на основниот интеракциски пристап, мисловно симулирај ја целосната структура на применет метод со фазни стојалишта, одбери вид на обраќање и работа со целната група во зависност од времето и видот на сесијата, сети се на практикумот од обуките и дообуките, отвори во убавата просторија на нашиот домашен национален производ структуираниот и признат модел за млади -проектната програма ЦКА-ПХВ, отвори и други места со добра методолошка подлога од твое или заедничко искуство.



- Размисли добро, и повтори ги, симулирај ги правилата на културен однос, етичност, почитување кон поединецот и групата. Види како можеш да ја отвориш, ослободиш, мотивираш, како да ја судриш со проблемот, како да расправаат за проблемот, како да го решаваат (отвори практкуми, вежби, види ги сетовите, наши, други, не се плаши од другото, или не мора да се робува на една вежба, со исклучок на она што е влезена во програмска структура и за која е оценето дека е најдобра за целите, текот и ефектите,- движи се низ структурата на сесијата, не прескокнувај и секогаш мисли на секоја поединост, затоа што за позитивните и очекувани резултати битна е целината и на секоја состојка во неа.

  Повтори се и за твојот изглед, начин на обраќање, погледни битни методски правила на почитување на соговорникот - пример: поглед во него, свртен кон него, не поглед кон прозорот и со грбот кон соговорникот, почитувај ги основните правила на култура на дијалог, секој има право да го изнесе своето мислење, што не мора да биде прифатено, но почитувано, ова впрочем е и дел од структуралната содржина, без навреди, не дозволување на излегување надвор од целите, правилата и темата, почитување на правила што сами сме ги поставиле.

- Посебно е битно да се отворат и спојат со темата, целите и целната група - одредени правни поими, вежбај самиот, барај најсоодветен начин преку вежба и друго да се доближи, побуди интерес, разбере и добие функционална и употребна вредност за потоа,-нас најмногу не интересира и ни е битно што, колку, кој, кому, како потоа. Правните поими од меѓународно и домашно поле, преку темата и целите, а заради очекувањата и резултатите, доближете ги и спојте ги со актуелни одредби од закони, прописи, правила кои си ги опфатил во подготовката за успешна врска на МХП со темата, целната група, целите и очекувањата,-резултатите. За нас е битно да не разберат, да не прифатат, да го осетат корисното, да мислат на креација иособено да се натерат/ме на акција и активитет со функционален резултат и производ хуманитарно корисен за средината, како превенција во она што е можно, реално - вооружени судири и катастрофи, со тешките и познато-претпоставени после-

дици по човекот и заедницата. Во зависност од целите, видот на сесија и целната група види ја можноста за примена на Проблем за дискусија и Решавање на проблем, но без импровизации со приближување до реалноста.

- Без импровизации во спроведувањето на целосната структура на сесијата. Не оставај недокажано, недоразјаснето, прашувај и нека има прашања, ако не си во состојба најди начин во моментот, но не по секоја цена, никој не знае се, остави можност за разјаснување на друг начин, следна сесија, присуство на тимски дисеминатор-експерт за одредена област.

  Битно е целната група и средината да не разбере, не оставајте можност за сомневање во целината на програмот, па и на основните правила, принципи, визија, мисија. Бидете доследни, присебни, концентрирани до крај, следете правила, проверувајте се, побарајте помош, никогаш не е срамно, знаењето е тука кај нас и во тимот, но незнаењето е море, океан, темен простор. Тоа се знае и треба секогаш достоинствено да се влезе, оствари и излезе од сесијата. Гледаме, дека дојде до израз и тимот.

- Размислете за тим/от, секако поврзано со темата, целите, целната група, очекувањата и резултатите. Добро е да се работи во тим: меѓусебна размена на идеи, искуства, предлози; повеќе идеи; поголема креација; стручна теоретска и практична сигурност; ефикасност при примената на пристапот, методите, алатките, техниките; зголемена перцепција за подобра евалоација и успешни резултати. За добра функција на тимот потребни се и добри корелативни и координирани подготовки, размена на информации и договорање за улоги во план и сценарио за сесија, време, место, транспорт, престој.

- Програмата бара постојана комуникација и координација, како по вертикала со канцеларија во Централа, така и особено во локалната средина во ООЦК и со средината на спроведување на тематската сесија. Но, за добра, успешна, партнерска и капацитивна комуникација и координација е потребна сериозна и добра подготовка, заради нашите цели и очекувани ефекти. (Средете ја и користете ја библиотеката за дисеминација на МХП, користете го Центарот за комуникација и дисеминација, како и Центарот за едукација во Централа).

- Одберете соодветен и функционален простор, како можност за реализација на тематските содржини и остварување на целите и резултатите. Испланирајте го просторот за секоја поединечна активност. Определете и лично -тимски, кој ќе го направи тоа, тука посебно се битни работата во групи, групните вежби, тимскиот пристап, тимски настапи, активности со посебни ефекти.

- Внимавајте на остварување на планираниот метод и техника, време како фактор и ефект,-времето е екстра-значаен фактор, а од друг агол, никој нема екстра време. Да го почитуваме поединецот и групата, да се почитуваме себе си. Остварувањето на добро поставената методска и тематска структурална содржина е особено битен фактор за остварување на целите и очекуваните резултати.

  Времето и структурата, како и позицијата - главен изведувач, гостин, обратно се поврзани со изборот на видот и алатката која ќе се користи (предавање, презентација, работилница). Ако си гостин нормално е во рамки на одредено очекувано кратко време да одбереш кратко предавање, обраќање, презентација, но мораш сериозно да размислуваш за целината и позитивните резултати на целината (прим: гостин во организирани сесии на областите катастрофи, здравство, крводарителство, социјална помош, безбедност, одбрана).

- Пристапот во овој Прирачник е за целни групи надвор од одредени посебни целни групи (младистуденти, безбедност-полиција, одбрана - АРМ, власт - законодавство, локална власт, здравство), за кои се користат и применуваат посебни прирачници, со реализација на посебно подготвени и едуцирани поединци и тимови.

## 2. Програмски дел/опфат

Прорамата и опфатот ја отсликуваат подготовката, изборот, планот, проценката, и е битен инструмент за успешно остварување на целите и очекувањата на сесијата. Поимот програма во општа

смисла доаѓа од грчкиот збор prografien што значи претходно пропишување и распоред на работите за реализација на одредена вкупна активност, примена на прописите и формулирање на намерата и оперативните задачи. Практично, битни програмски состојки се темата, просторот, времето, ресурсите - персонални и технички, активностите, пристапот и моделите на комуникација и пренесување на информациите и знаењата. На што посебно треба да се стави акцент:

- изборот и одредувањето на темата, треба да биде компатибилна со потребите и капацитетот на целната група, целите, очекувањата, резултатите и ефектите, како и врска со стратешка, или глобална програмска ориентација. Тука, од посебна важност за успехот на сесијата е адаптирањето на темата, односно кои информации ќе бидат презентирани и на каков начин, ниво на стручност, ниво на деталност, доверба.

- Структурална поврзаност на подтеми, и користените инструменти, вежби со темата и целите и очекувањата.

- Временско одмерување на реалните потреби за темата и одредени подтеми, и применети методи, техники и инструменти.

- Доследна реализација на структурата и моделот-те на реализација на програмските настапи и користење на различни форми, методи и техники на пренесување на информациите и знаењето.

- Обезбедување на хармонија и работна атмосфера, со постојано присуство на сите членови на групата, нивна креација, учество во сите делови и фази, и прифаќање на задачи.

- Примена на основни принципи за активна работа и доприност, како: навременост на сесија, на вежби, активно учество во група, почитување и меѓусебно почитување со јавно изложување на пишани правила за работа, комуникација, дијалог.

- Стручни презентери, предавачи, медијатори, фацилитатори, координатори.

- Тимска работа, и корелативно и координирано функционирање на тимот.

- Внимавање на применети правила, методи на пренесување на информациите и знаењата, за да се дојде до остварување целта/лите и очекувањата, прим. никогаш не кажувај дека немаш коментар, знај дека примената на помошни интерактивни инструменти/алатки за пренесување на знаењата и учење е важно, бидејќи човекот задржува: 20% од она што го слуша; 30% од она што го гледа; 50% од она што го слуша и гледа; 80% од она што самиот ќе го каже; 90% од она што самиот ќе го направи.

- Задачи и изготвување на информација/извештај со заклучок и предлог на мерки.

Примерок на програма

**ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**- Програма за дисеминација -**
**Работилница за дисеминација на Меѓународно хуманитарно право со стручна служба на централата на Црвен крст на РМ**
**Скопје, 28 Април 2009 година**

**Програма**

| *Време* | *Активност* |
|---|---|
| **11,00-11,30** | Вовед<br>вежба<br>прашалник А<br>очекувања<br>цели |
| **11,30-12,30** | Презентација на темата *Изворната правна сила за помош на лица во/од _________ вооружени судири* |
| **12,30 - 12,45** | Кафе - пауза |
| **12,45 - 13,45** | Презентација на темата * Извори и принципи на Меѓународното хуманитарно право* |
| **13,45 - 14,00** | Евалуација -прашалник Б |



## 2.1 План за дисеминација на сесија за МХП -методолошки опфат-

### 2.1.1 Мисловна конструкција/Концепт

Мисловната, е тешка практична фаза на оптеретување и користење на мозочната разумна констелација што бара мир и објективитет во изборот и користењето на состојките на една идеја. Успешноста е детерминирана од воспоставување на сигурен линк/врска на предметот, објектот, проблемот, темата, целта/ите, целната/ ните група/пи, опфатот, ресурсите, средствата, методите, техниките, инструменти, ефектива и развојноста/мисија/визија, влегувањето во широкото море на потреби, актуалитети, активитети/акции. За нашиот предмет и проблем, цел и развојност битна е концентрацијата на основните состојки на дисеминацијата, промовирањето и имплементацијата на Меѓународното хуманитарно право во Република Македонија. Концептот е одраз на мисловниот пат и акција со структурално заокружена целина на состојките на целната конструкција.

- **Подготвителен дел** (потрага и избор на ресурси/човечки и техничко- материјални-финансиски, транспорт, комуникација и координација/вертикала-хоризонтала, согледување-анализа и мисловен судир со предметот, целите и целната група, увид во/на соодветна литература, симулација на вежби и разни техники за групна интерактивна работа, контакт и размена на информации и мислења на тимот, подготвено сценарио со настап, улоги и задачи, избор и користење на инструмент/и за евалуација, извештај и пораки/иницијативност/мерки.

- **Пристап** (почитување на методолошки и други принципи: објективитет, систематичност/организираност, проверливост/вистинитост, прецизност, особено внимание на целината и целесообразноста, на врската/каузалноста и корелацијата на дејствијата од структурата во целината. Битно е секое дејствие/задача да соодветствува со структуралната целина, со што се обезбедува врската

со темата, целите, целната група, функционалноста и ефективата. Значи, обезбедување концентрација и сосредоточување на секое дејствие засебно, заради успешна целина.

- **Врска - тема, целна група, цели, очекувања, резултати, ефектива** (Континуимот се обезбедува со непрекинато темпо, врска-релација и корелација на структуралните целини во планот). Битно е да се обезбеди свесна врска помеѓу дејствијата и структуралните единки како би се одвивала нормална димензионирана линија на темата, целите, очекувањата, целната група, резултатите и ефективата. Тука треба да се одредат средствата, методите, техниките, дејствијата/активностите за обезбедување на успешна конструкција.

- **Манифестиран настап** (предавање, презентација, обраќање, работа во групи/работилница/проблеми за дискусија/решавање проблеми). Настапот е детерминиран од местото и времето во структурата на планот за сесија и од целите и целната група. За пократкотраен настап треба да се одбере обраќање, презентација и димензионирано предавање. За засебни и слободно димензионирани плански целини се одбира различен настап со внимавање на врската, релацијата и корелацијата на темите, техниките, средствата( вежби, проблеми, задачи). Основно е да се оствари целта/ите поставена/и во планската целина. Врската мора да постои и во континуитет да е видлива, осетна, движечка како важен одговор за изборот на настапот и задоволување на целината.

- **Концептуална структура:** Концептот во основа е трасирање на патна структура за успешен одговор на идејата, целите, задачите и очекувањата. Концептуалниот модел и структура е детеминиран од целта, времето, просторот и корелационите дејаствија во целината на планот. Мисловниот и подготвителниот дел ја имаат најзначајната улога за моделирањето и изготвувањето на концептот и структурата. Мора да има квалитетно објаснување за секој концептуален дел, или зошто се наоѓа во тој дел од структурата на планот.

### 2.1.2 Дефинирање, вид на план.



Планот и знаењата за потребата и структурално средување е клучен инструмент за трасирано успешно движење по методолошко структуралниот пат за успешна реализација на поставените цели, задачи и очекувања.

(зборот ***план*** е од француско јазично потекло, со значење ***нацрт***, тргнувајќи од *општото значење* претставува шема на идната акција во која аналитички се дефинираат, распоредуваат и определуваат сите димензионирани елементи на структурата, постапката, средствата и из ведувањето), вид: (опеартивен, акционен, временски/равоен, годишен, стратешки, работен, описен, методски / истражувачки, наменски)).

а) Структура на планот (Структурата како теоретски, искуствен и операционален инструментариум, треба да одговори на принципот на комплементарност и биде израз на постојана врска на сите елементи и дејствија во рамки на флексибилната планска целина. Квалитетната структура е битен индикатор за очекувана успешна реализација.

б) Време (Се мисли на времето како важен фактор во целината на планот и време потребно за одделни модели и техники на пристапи и настапи. За определување на времето е битно познавањето, дефинирањето и дистинкцијата на формата и содржината на одредени модели, методи и техники. Секако, времето е детерминирано од целите, задачите и планираните дејствија/активности).

в) Место/простор (Како целина и во одделни делови за изведување на одредени дејствија просторот и уредувањето/адаптирањето на истиот е битен услов за успешно остварување на целите, задачите и очекувањата како и односот, релаксацијата, мотивацијата и креацијата на целнатагрупа, како и користењето и примената на средства, методи, техники и инструменти. Просторот е битен фактор за односот на човекот и пренесувањето на знаењето.

г) Ресурси/човечки, технички (Посветеноста, квалитетната надградба, искуството, флексибилноста, културата, етичноста и моралноста, почитувањето, хуманоста, акцијата, тимскиот дух се принципи и особини за успешно вклучување на човечкиот ресурс. Дисеминацијата и пренесувањето на информации и знаења е зависен од поседувањето, користењето и примената на современи средства и помагала).

**д)** Проценка (индикатори - видови) битен и посебен прилог.

**ВАРИЈАБЛА** /расчленета состојка на поимот/ латин. Вариаре, вариор, менување, измена (големина, димензија, простор); Вар. значење: предмет, објект, врска помеѓу појавите, димензија на односите, класификација; Видови: а) Независни (пол на луѓето); б) Зависни (променливи-причинско-последичен,- функционален; в) Експериментални; г) Неекспериментални; д) Интервенирачки; Ѓ) Координативни; е) Хипотетички-формираат претпоставки; ж) Дихотомни-две вредности. Од варијаблите се формираат хипотези

**ИНДИКАТОРИ** состојки на варијаблата, односно на појавата (латин. *Indicare)* да открие, да се расветли некоја работа/Знак кој суштински открива некоја појава-поим, неговите варијабли,- синоним за показател; ЗНАЧЕЊЕ: а) ги покажува состојките на појавата, но и нивните врски/корелација; б) Интенционо/човековата појава, воочување на внатреШни содржини со надвореШни симболи; в) психолоШка, но и социолошка природа на појавите на појавите; г) квалитативна димензија; д) врски меѓу појавите/корелативност.

**ИЗРАБОТКА НА ИНДИКАТОРИ** творечка работа; а) оштологички услови (валиден/сигурен; проверлив; јасно формулиран);, б) емпириски (сетилна содржина/посматрање,мерење/; факти.

**ВИДОВИ ИНДИКАТОРИ:** а) Квалитативни (неможност да се изрази со број); б) Квантитативни (мерка, број); в) Објективни (не зависат од психологијата на човекот); г) Субјективни (произлегуваат од свеста); д) Експресивни (образование, надградба на личноста); Ѓ) Предикативни (предвидување на однос,- настан; е) Структурални (елементи за некоја појава); ж) Развојни (тек на некоја појава).

**УЛОГА:** а) ги означува варијаблите; б) се дел од хипотезите; в) врз искуства ги даваат врските со фактите; г) овозможува мерење, мерка; д) изработка на методологија, средства за посматрање,-испитување; Ѓ) форма на организација на искуствена евиденција.

**НАЧИН НА ИЗБОР НА ИНДИКАТОРИ:** а) теоретски,- логички; б) логичко-техничка процедура/степен на взаемна корелација; в) спонтан избор.

**2.1.3** Евалуација (во својата основа ја содржи проверката на сработеното, или себе, односно самопроценка на спроведените мерки и активности за одреден настан - програма, план, сесија, со цел за извлекување на добри и слаби страни, но и опасности и можности за продолжување на натамошните активности со очекувани ефекти и резултати. Користете различни, но и проверени инструменти (прашалник(А,Б,Ц), анкетен лист, набљудување, извештај од мониторинг, како и примена на аналитички и статистички методи и техники).

**2.1.4** Мерки (предлог) после секоја техника и метода за собирање, обработка и анализа на податоци се отвора можност за извлекување и иницирање на мерки во насока на продолжување на активностите и остварување на целите и резултатите. Искористете го тоа. Направете го. Тоа ќе ви го олесни патот до остварување на целите, ќе ве спречи од евентуално откажување, ќе ве води во морето можности, ќе ве советува на комуникација, и фактот дека не сте сами, секогаш има некој/а/и, кои се вклучени или ќе се вклучат во заедничката цел/и. Опстанокот и развојот, и особено во тешката област на примена на хуманитарното право го бара тоа од нас, ја бара нашата креација, не потсетува на заедничките моменти на обука и едукација, на пријателството, на несебичноста во заедничкиот и тимски труд и работа, не потсетува на другиот/те, на ние, и што, па надградени и полни со оптимизам одиме натаму.

**2.2** Методолошки пристап за пренесување на знаењата

За успешноста на форматот и структурата на планот битен е соодветниот избор основен

метод на пренесување на информациите и знаењата од МХП на сесијата: еднонасочно движење на комуникацијата и информацијата; двонасочно движење, или повратна комуникција; движење преку расправа со мислења и предлози, креација, или во овој контекс интерактивен и инклузивен приод.

**2.2.1** Најава, контакт, мотивација (како ќе речете сите да бидеме позитивни, а во нашиот круг да бидеме и афирмативни, навистина е чест и достоинство да се работи со состојки на смесата што се вика хуманитарна активност, хуманитарна акција, хуманитарен чин, хуманитарно право. Покрај изгледот, односот, битна е концентрацијата за спроведување на системот со редослед - најава-појавување-контакт-ослободување-мотивација, создавање атмосфера на хармонија и доверба, за да можеме, -што?, да навлеземе во средишниот рбетен дел,- насетување и судир со проблемот/предметот и новата/вите информации, а потоа и делот за проверка, самопроценка и ефекти со задачи. Во сите фази се обидуваме помалку да го слушаме нашиот глас, повеќе гласот и креацијата на групата. Што е тука особено битно? Битни се алатките за групно размислување, споделување и работа: вежби, дискусија за проблеми, решавање проблем/случај,настан, нормално овде од областа на хуманитанотот право. Многу е важно во кој дел - контакт-запознавање(„Дланка„); мотивација(„Афирмација„), судир со проблем/предмет(„Јаже„,„„Проблем за дискусија„-прва фаза; информација/знаења/податоци-цел за интерес и повисока доза на запамтување(презентација на тема, предавање, подготвена атикација, случај/настан заради примена на МХП, втора фаза на проблем за дискусија; функционализација со евалуација и задачи(прашалник, анкета, проблем за дискусија-трета фаза, решавање случај, трибина). (Отворете ги практикумите, прирачници, белешки од обуки, дообуки, семинари, работилници, бидете слободни во изборот, но и одговорни за правото место, фаза и ефекти, види и тука примери).

***(примери)***



# ПРОБЛЕМ ЗА ДИСКУСИЈА, ГРУПА

На територија на Немирнија во тек се судири на нејзините вооружени сили и лица од вооружениот отпор со вооружените сили на Агресинија, во чиј состав има и платеници. Конфликтот настанал заради тоа што Владата на Агресинија цени дека има право на дел на територија што сега се наоѓа во назависна и суверена Немирнија. На просторот на судирите има многу ранети, болни, изнемоштени и еден дел назаробеници и притворени лица без соодветна помош и контрола. Црвениот крст е информиран. Вие сте претставници на Црвениот крст и треба да превземете активности, според:

1. Меѓународното право?
2. Меѓународни конвенции, протоколи, договори?
3. Начин за помош на ранетите, болните, притворени лица?
4. Врз кои одделни принципи на Движењето на ЦК и ЦП ќе се потпрете?

***информации за:***

1. Ранети, болни, заробени, притворени....?
2. Примена на меѓународното право?
3. Примена на меѓународното хуманитарно право?
4. Примена на одделни конвенции, протоколи, договори..?

***предлози за***

1. Спречување на кршење на меѓународното хуманитарно право?
2. Спречување на потешки кршења на МХП?
3. Воспоставување на оневозможена комуникација со ранети, заробени, притворени?

# ПРОБЛЕМ ЗА ДИСКУСИЈА, ГРУПА

Во вооружениот конфликт помеѓу Немирнија и Агресинија на двете страни регистрирани се случаи на нечовечност, нехуманост, измачување и понижување кон лица цивили и лица кои директно не учествуваат во вооружените судири. Меѓу нив има и членови на милиции, но и припадници на меѓународна терористичка организација. Црвениот крст е информиран и вклучен. Вие сте претставници на Црвениот крст и треба да превземете активности: според:

1. Одредби од Женевските конвенции од 1949 година?
2. Дополнителни протоколи од 1977 година?
3. Други меѓународни акти и правила и принципи на меѓународното и внатрешното право?
4. Врз кои одделни принципи на Движењето на ЦК и ЦП ќе работете?

***информации за***

1. Видови и, начини, број и последици од измачувањата и тотурите?
2. Примена на меѓународното право?
3. Примена на меѓународното хуманитарно право?
4. Примена на одделни конвенции, протоколи, одредби...?

***предлози за***

1. Спречување на тортурата и измачувањето?
2. Спречување на кршење на меѓународното хуманитарно право?
3. Повикување на одредени конвенции, протоколи, одредби...?
4. Воспоставување на нормален ангажман на Црвениот крст?



# ПРОБЛЕМ ЗА ДИСКУСИЈА, ГРУПА

Во дејствијата помеѓу вооружените сили и други организирани групи на Немирнија и Агресинија регистрирани се поединци и групи како самостојно вршат злодела врз цивилното население и регуларните сили, ограбуваат, силуваат, немаат препознатливи ознаки и не се командувани од ниедна команда. Истите држат заложници и бараат големи суми на пари за откуп. Се закануваат дека ќе вршат и ликвидација. Црвениот крст е информиран и активно вклучен. Вие сте претставници на Црвениот крст и треба да превземете активности: според:

1. Меѓународното хуманитарно право?
2. Одредби на Женевските конвенции?
3. Одредби на Дополнителните протоколи?
4. Врз кои одделни принципи на Движењето на ЦК и ЦП ќе спроведете активности?

***информации за***

1. Индикативни поединци и групи кои сакаат заштита според меѓународното хуманитарно право?
2. Примена на Женевските конвенции и Дополнителните протоколи
3. Примена на принципи на меѓународното право и МХП

***предлози за***

1. Одвојување на лица и групи како незаштитени според одредбите на МХП?
2. Спречување на дејстијата на злочини кон населението?

Дистанцирање од практицирање на правилата и прицедурата за нивна правна заштита според МХП?

2.3 Формат - опфат со: Контекстуализација, Информација, Функционализација, Евалуација

Може со сигурност да се потврди дека примената на овој формат обезбедува извонредни резултати. Стадиумите, или фазите бараат соодветни содржини и начини на комуникација,

информирање, проверка и задачи.

## 2.3 .1 СТРУКТУРА НА ЧАСОТ ПО МОДЕЛ ЦКА - ПХВ

а) **елементи на часот**
- Најава на часот
- Запознавање
- Контекстуализација
- Дозирана информација
- Функционализација
- Евалуација

б) **Најава**

Најавата е првиот дел од сесијата во текот на која учесниците ги добиваат основните ин формации за понатамошната работа и текот на сесијата.

Овој дел не треба да трае повеќе од 5 % од предвиденото време за целата сесија. Во текот на истиот:
- Предавачот се претставува себеси
- Ја претставува темата на сесијата
- Ги поставува понатамошните правила на дискусија
- Дава ПрашалникА (кој понатаму служи за евалуација)
- Ги запишува очекувањата на учесниците и ги претставува целите на сесијата

в) **Контекстуализација**
Контесктуализацијата е оној дел од сесијата во текот на кој учесниците се судруваат со проблемот или се поттикнуваат активно да размислуваат на темата која се разработува во текот на сесијата, и на тој начин се ставаат во контекст на темата и сесијата.
Овој дел од сесијата трае 30 % од предвиденото време за сесијата. Во текот на истиот:

- Предавачот ги дели учесниците во неколку групи и им задава задача која по својата проблематика, треба учесниците да ги воведе и подготви за понатамошниот тек на сесијата.
- Учесниците ***работат во групи*** и ***избираат свој гласноговорник***, кој на крајот од вежбата ќе ја презентита нивната работа пред останатите групи и предавачот.
- Групите презентираат
- Предавачот го резимира сето она што групите го презентирале и преку дискусии истото го поврзува со темата на сесијата.

г) **Дозирани информации**

Овој дел од сесијата се однесува на делот во текот на кој предавачот ги пренесува главните информации на учесниците. Многу е важно во текот на овој дел од сесијата да се води сметка, информациите да бидат дозирани, односно да се води сметка да не се даваат повеќе информации од што учесниците можат да примат и запомнат. Во овој случај најдобро е да се држиме до правилото 5+-2. Ова е познат психолошки факт, кој укажува на тоа дека при примањето на нови информации, човековиот мозок најдобро ги запомнува првите 3 до 7 нови информации, во зависност од возраста. Младиот човек има голема способност за примање и преработување на нови информации, но сепак доколку се надмине оптимумот од 7 нови информации, следните информации кои ќе му бидат презентирани претставуваат само оптоварување на неговите капацитети, и шансите истите да бидат трајно запаметени се многу мали.

Важно е овие информации да не бидат изнесени само по усмен пат, туку паралелно со излагањето да се користат соодветни визуелии. Овие визуалии не смеат да бидат проптоварени со текст, туку на нив треба да бидат забележани само најважните информации со по неколку збора. Пожелно е да се користат неколку бои во текот на пишувањето на овие визуалии.

Овој дел од сесијата трае 30 % од вкупното време за целата сесија.

Во текот на истиот:

- Предавачот ја поврзува дискусијата со излагањето на нови информации.
- Секоја изложена информација треба да е поткрепена со соодветна визуалија која може да биде во форма на краток текст од неколку збора или цртеж.
- При секоја изнесена информација, предавачот треба да воспоставува конатакт со учесниците, правејќи мала дискусија за начинот на којшто тие ја сваќаат информацијата.

**д) Функционализација**

Функционализацијата е оној дел од сесијата, во текот на кој учесниците го ставаат во функција сето она што во текот на сесијата го научиле. Најдобар начин да се стават знаењата во функција е да се направи вежба во која практично се применуваат стекнатите информации.

Овој дел од сесијата трае 30% од предвиденото време за целата сесија.

Во текот на истиот:

- Предавачот ги дели учесниците во групи.
- Секоја група добива свое задолжение или задача на која што треба да работи.
- Секоја група избира свој гласноговорник, кој ќе ја презентира работата на групата пред останатите групи.
- Секоја од групите презентира, а предавачот ги корегира доколку има потреба.

**ѓ) Евалуација**

Евалуацијата се парви на крајот на сесијата. Најдобро е истата да биде писмена, во вид на прашалник, кој се дава пред почетокот на сесијата во вид на Прашалник А и на крајот на сесијата во вид на Прашалник Б. Со тоа што Прашалникот А ни го мери нивото на знаења на учесниците пред почетокот на сесијата, а Прашалникот Б го мери нивото на знаења кај учесниците по завршување на часот.

Евалуацијата се прави кога ќе се споредат овие два прашалници, односно разликата во знаењето помеѓу А и Б го дава реалното количество на знаења кои учесниците ги стекнале во текот на часот.

Овој дел на часот трае вкупно 5% од тоталното предвидено време за одржување на сесијата. Во текот на овој дел:

- Предавачот го дели Прашалникот Б, напоменувајќи дека истиот е индивидуален и дека не служи за оценување на слушателите, туку напротив дека на овој наќин се врши евалуација на предавачот, односно колку тој успеал да им пренесе занење на слушателите.

## 2.4 Задачи

Задачите се барометар и одговор на применените информации и знаења на сесијата. Нормално дека, за различни целни групи адекватно се прилагодени поврзано со капацитетот, можностите и потребите.

## Извештај

Битен дел што каузално поврзан со сесијата е извештајот за спроведените активности, со впечатоци, импресии, оценки, заклучоци, предлози и иницијативи. Од посебна важност се оценките за приодот, пристапот, форматот, моделот, стручноста, тимот, поединечни делови и применети средства и инструменти, како и самопроценка, со обработка и анализа на применетиот метод и инструмент.

# БИБЛИОГРАФИЈА

Женевски конвенции од 12 Август 1949 и Допонителни протоколи од 1977, Црвен крст на Република Македонија, „Сигма прес, Скопје 1994.

Кес де Ровер, прирачник „Во служба за заштита - човековите права и хуманитарното право за полициски и безбедносни сили,, Меѓународен комитет на Црвен крст, Женева 1998.

Жан-Мари Хенкерц, Студија на обичајното меѓународно хуманитарно право, Меѓународен комитет на Црвен крст, Женева 2005.

Методологија на научно-истражувачката работа - Избор на текстови, Д-р Цане Мојаноски, Скопје 1998.

Д-р Мирослав Печујлиќ, Методологија на општествените науки, „Савремена администрација,, Белград  1982.

Raino Malnes/ Knut Midgaard, Политiчка филозофија, „Феникс,, Скопје 2007.

Анри Динан, „Сеќавање на Солферино,, Женева 1986, „Слово,, Скопје.

Прирачник за практична употреба на Меѓународно хуманитарно право, според англиска верзија, Дански Црвен крст 2004, Црвен крст на Република Македонија 2005.

Истражување на Меѓународно хуманитарно право - прирачник за професори, Министерство за образование и наука на Република Македонија, Биро за развој на образованието, Скопје 2007.

Прирачник за дисеминација, Црвен крст на Република Македонија со поддршка на Меѓународен комитет на Црвен крст, Скопје 2000.

Прирачник/ци на Проектната програма Црвен крст во акција - Промоција на хумани вредности (ЦКА-ПХВ), Црвен крст на град Скопје, Црвен крст на Република Македонија, Меѓународен комитет на Црвен крст, Биро за развој на образованието во Република Македонија.

Прирачник од Комитет за образование на проект - Алтернативи на насилство (ПАН), САД, Е1еп Папдегs и др., УНЕСКО Катедра за проучување културата на мирот, Универзитет „Св. Кирил и Методиј,, Филозофски факултет Скопје.

Брошура, „Постојана хуманитарна мисија,, Црвен крст на Република Македонија, Скопје 2006. Правила за употреба и заштита на амблемот на Црвениот крст, Црвен крст на Република Македонија,

Проценка на Програмата за дисеминација, Црвен крст на Република Македонија со поддршка на Меѓународен комитет на Црвен крст, Скопје 2006.

Библографски единици - истrажувања, испитувања, извештаи, презентации за МХП, од Програмата за дисеминација на Црвен крст на Република Македонија.

Библиографски единици - стратегии, планови, насоки со делови за МХП на Меѓународниот комитет на Црвен крст и Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.

# ЗАБЕЛЕШКИ

| | |
|---|---|
| **Издавач:** | **Црвен крст на Република Македонија** |
| **За издавачот:** | **Саит Саити, в.д. Генерален секретар** |
| **Тираж:** | **150 примероци** |
| **Тех.уредник и дизајн** | **Владимир Хаџи Пулевски** |
| **Година:** | **2010** |

## РАБОТЕН ТИМ

Љупчо Милковски
Марјан Спасески
Павле Богоевски
Александра Ристовски
Виолета Кузманоска
Владимир Вукелиќ

**Подготвил**
Љупчо Милковски, дисеминатор и член на Комисијата за дисеминација

www.redcross.org.mk